# И З В Е Ш Т А Ј

од проф. д-р Никола Пациновски

за работа на функцијата

директор на УКИМ Институт за сточарство и рибарство во Скопје

за периодот 26.9.2024 - 25.9.2025 година

**СКОПЈЕ, Октомври, 2025 год.**

**СОДРЖИНА**

1. ВОВЕД...........................................................................................................3
2. РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОДЛУЧУВАЊЕ...................................................4
3. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ............................................................4
4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ...........................................................14
5. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ...............................................................19
6. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ НА ИНСТИТУТОТ....................................................21
7. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА..........................................................................22
8. СОРАБОТКА СО МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА……...22
9. СОРАБОТКА СО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО………………………………………………………………...23
10. СОРАБОТКА СО РЕКТОРАТОТ НА УКИМ....................................................25
11. СОРАБОТКА СО ОСТАНАТИ ИНСТИТУЦИИ………………………………26
12. ГОДИШЕН АКЦИСКИ ПЛАН..........................................................................27
13. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗАКОНСКИ ПРОПИСИ………………………….28
14. ЈАВНИ НАБАВКИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД………………………...28
15. МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА НА ИНСТИТУТОТ………...29
16. СОСТОЈБА СО ВРАБОТЕНИ ВО ИНСТИТУТОТ……………………………32
17. СОСТОЈБА СО ИМОТОТ………………………………………………………32
18. ЗАВРШНО СОГЛЕДУВАЊЕ…………………………………………………...34

Врз основа на член 110 и член 114, став 5 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр.82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.178/21), како и член 44, став 1, точка 39 и член 49, став 2 од Статутот на Институтот за сточарство и рибарство во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, (Универзитетски гласник бр. 451/2019), го поднесувам извештајот за работата на функцијата директор на Институтот за сточарство и рибарство во Скопје, за периодот од 26 септември 2024 година до 25 септември, 2025 година.

## 1. ВОВЕД

Во текот на овој извештаен период како директор на институцијата продолжив со реализација на поголем дел од предвидените активности наведени во Програмата за работа на директор на Институтот. И оваа, измината година, главен приоритет ми беше расчистување на наследените финансиски обврски, кои се значително намалени, во однос на периодот кога ја превзедов функцијата пред две години.

Паралелно, во изминатиот период беа спроведени низа активности насочени кон реализација на планираните задачи во научно-истражувачката, стручно-апликативната и наставно-образовната дејност. Се работеше и на унапредување на меѓународната и останатата соработка, во функција на подобрување на општите услови за работа во институцијата.

Заради прегледност на активностите, истите се систематизирани во следниве групи:

1. Работа на органите на одлучување (научен совет и институтска управа),
2. научно-истражувачка дејност;
3. стручно-апликативна дејност;
4. наставно–образовна дејност;
5. Останати активности, (издавачка дејност, меѓународна соработка, јавни набавки, финансиско работење и др.).

## 2. РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОДЛУЧУВАЊЕ (Научен Совет и Институтска управа)

### 2.1. НАУЧЕН СОВЕТ

Во текот на извештајниот периодот (26.9.2024-25.9.2025 година) беа одржани вкупно 18 седници на Научниот совет, од кои 10 редовни и 8 вонредни.

При тоа, донесени се вкупно 48 Одлуки, од кои 35 одлуки на редовни и 13 одлуки на вонредни седници на Научниот Совет

### 2.2. ИНСТИТУТСКА УПРАВА

Во истиот период беа одржани 12 седници на Институтска управа, од кои 4 редовни и 8 вонредни.

На истите, на кои се расправаше за прашања од тековното и финансиско работење на Институтот, беа донесени вкупно 27 Одлуки, од кои 6 одлуки од редовни и 21 одлука од вонредни седници на ИУ.

## 3. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во рамките на научно-истражувачката дејност, проектите во кои беше вклучен научниот кадар од Институтот, во текот на извештајниот период можат да се поделат на:

- Реализирани проекти
- Проекти кои се во тек на реализација
- Проекти кои се прифатени и треба да се реализираат
- Проекти кои се аплицирани, но не се прифатени за реализација

**Проекти кои се реализирани во текот на изминатиот период:**

1. **Наслов:** Евалуација на квалитетот на преработките од месо во трговската мрежа,

**Раководител:** проф. д-р Даниела Беличовска,

**Учесници:** проф. д-р Наташа Ѓорговска, проф. д-р Весна Левков, проф. д-р Родне Настова, проф. д-р Наташа Матева, проф. д-р Елена Ефтимова и дипл. зем. инж. Сузана Јаневска

**Вид на проектот:** Национален

**Финансиран од:** Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,

**Центар:** Центар за исхрана и прехранбена технологија

**Проекти чија реализација е во тек:**

**1.Наслов:** MC Member во COST Action CA20106, Tomorrow's 'Wheat Of The Sea': Ulva, A Model For An Innovative Mariculture (Seawheat),

**Учесник:** проф. д-р Наташа Ѓорговска, (MC member),

**Вид на проект:** Меѓународен

**Финансиран од:** ЕУ

**Период на реализација:** 2021-2025

**Центар:** Центар за исхрана и прехранбена технологија

**2.Наслов:** MC Member во COST Action CA 23127 Group of Insect Nutrition: To Open Nutritional Innovative Challenges (GIN-TONIC)**,**

**Учесници:** проф. д-р Наташа Ѓорговска, проф. д-р Весна Левков, (MC members),

**Вид на проект:** Меѓународен

**Финансиран од:** ЕУ

**Период на реализација:** 2024-2028

**Центар:** Центар за исхрана и прехранбена технологија

**3.Наслов:** Биодиверзитет на рибите од горниот тек на реката Треска и езерото Козјак (Поречко езеро),

**Раководител:** проф. д-р Васил Костов

**Учесници:** проф. д-р Родне Настова**,** проф. д-р Наташа Ѓорговска, проф. д-р Весна Левков, м-р Ирина Маневска

**Вид на проект:** Национален

**Финансиран од:** Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

**Период на реализација:** 2024-2025

**Центар:** Центар за рибарство

**Проекти кои се прифатени и треба да се реализираат:**

**1.Наслов:** MC Member во COST Action CA 24132 - Accelerating Innovation and Development of European Microbial Foods (Mic2Food)

**Учесник:** проф. д-р Весна Левков, (MC member)

**Вид на проект:** Меѓународен

**Финансиран од:** ЕУ

**Период на реализација:** Активностите треба да започнат во Октомври, 2025

**Центар:** Центар за исхрана и прехранбена технологија

**2.Наслов:** Динамика на клучните параметри врз стабилноста и рокот на траење на млечните производи

**Раководител:** проф. д-р Наташа Матева

**Учесници:** проф. д-р Даниела Беличовска, проф. д-р Весна Левков, Проф. д-р Елена Ефтимова и проф. д-р Сандра Мојсова

**Вид на проект:** Национален

**Финансиран од:** Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

**Период на реализација:** 2025-2026

**Центар:** Центар за млекарство

**3.Наслов:** Производни својства на расата лакон во услови на Р. С. Македонија

**Раководител:** проф. д-р Никола Пациновски

**Учесници:** проф. д-р Елена Ефтимова, проф. д-р Наташа Матева, проф. д-р Даниела Беличовска, проф. д-р Весна Левков, Проф. д-р Наташа Ѓорговска, Д-р Љупчо Ангеловски, Доц. д-р Петар Петров, М-р Даниел Симакоски

**Вид на проект:** Национален

**Финансиран од:** Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

**Период на реализација:** 2026-2027

**Центар:** Центар за сточарство

**Аплицирани Проекти – кои не се прифатени за реализација:**

**1.Наслов:** Компаративна нутритивна и биохемиска анализа на живински производи од различни системи на одгледување со фокус на хијалуронска киселина – одржливост, квалитет и дигитална интеграција во паметно земјоделство

**Раководител:** проф. д-р Наташа Ѓорговска

**Учесници:** проф. д-р Весна Левков, проф. д-р Даниела Беличовска, Доц. Д-р Петар Петров, дипл. зем. инж. Сузана Јаневска

**Вид на проект:** Национален

**Аплициран до:** Министерство за образование и наука

**Период на реализација**: (неприфатен за реализација)

**Центар:** Центар за исхрана и прехранбена технологија

**2.Наслов:** Циркуларна аквакултура –валоризација на растителен агро-отпад за производство на одржлива храна за крап

**Раководител:** проф. д-р Васил Костов

**Учесници:** проф. д-р Родне Настова, проф. д-р Наталија Атанасова-Панчевска, проф. д-р Александар Цветковиќ, м-р Ирина Маневска, м-р Бодан Ѓорговски, м-р Ивица Панчевски, Марија Костова,

**Вид на проект:** Национален

**Аплициран до:** Министерство за образование и наука

**Период на реализација:** (неприфатен за реализација)

**Центар:** Центар за рибарство

**3.Наслов:** Изработка на брошура за Каракачанскиот сој на расата овци - праменка во РСМ

**Раководител:** проф. д-р Никола Пациновски

**Учесници:** проф. д-р Елена Ефтимова, проф. д-р Наташа Матева, проф. д-р Даниела Беличовска, м-р Ана Палашевска,

**Вид на проект:** Национален

**Аплициран до:** Министерство за образование и наука

**Период на реализација:** (неприфатен за реализација)

**Центар:** Центар за сточарство

**4.Наслов:** Македонскиот овчарски пес Шарпланинец-автохтон генетски ресурс

**Раководител:** проф. д-р Наташа Матева

**Учесници:** проф. д-р Никола Пациновски, дипл. зем. инж. Зоран Налетоски, дипл. зем. инж. Виолета Костовска, ДВМ Матеа Матева

**Вид на проект:** Национален

**Аплициран до:** Министерство за животна средина и просторно планирање

**Период на реализација:** (неприфатен за реализација)

**Центар:** Центар за млекарство

**5.Наслов:** Сточарскиот отпад како суровина за производство на биостимулативни средства

**Раководител:** Доц. Д-р Петар Петров

**Учесници:** проф. д-р Весна Левков, проф. д-р Даниела Беличовска, проф. д-р Наташа Ѓорговска

**Вид на проект:** Национален

**Аплициран до:** Министерство за животна средина и просторно планирање

**Период на реализација:** (неприфатен за реализација)

**Центар:** Центар за исхрана и прехранбена технологија

**6.Наслов:** „Климатските промени и влијанието врз рибната фауна: Проценка на популациите риби од акумулацијата Козјак**".**

**Раководител:** Асс. м-р Ирина Маневска

**Учесници:** проф. д-р Васил Костов, проф. д-р Родне Настова, Проф. д-р Валентина Славевска-Стаменковиќ, Проф. д-р Гоце Костовски, Асс. м-р Јелена Хиниќ Јордановска, виш лаборант М-р Бодан Ѓорговски, Јадранка Костовска и дипломец Марија Костова.

**Вид на проект:** Национален

**Аплициран до:** Министерство за животна средина и просторно планирање

**Период на реализација:** (неприфатен за реализација)

**Центар:** Центар за Рибарство

**Во текот на извештајниот период, од страна на научниот и соработничкиот кадар на Институтот објавени се вкупно 13 (тринаесет) научни трудови и 10 (десет) апстракти. Четири научни трудови се во фаза на објавување. Од објавените научни трудови, 2 (два) се со фактор на влијание (IF).**

1. **Daniela Belichovska**, Zlatko Pejkovski, Aleksandra Silovska Nikolova, Katerina Belichovska, **Vesna Levkov**, Dana Uzhevska Sazdovska. Possibility of extending shelf life of cevapcici. Meat Tchnology, 2025, 66 (1): 27-35.

2. **Daniela Belichovska**, Aleksandra Silovska Nikolova, **Petar Petrov**. Influence and role of fat on the sensory characteristics of meat products. Macedonian Journal of Animal Science, 2024, 13 (1–2), 35–39.

3. **Daniela Belichovska**, Aleksandra Silovska Nikolova. Evaluation of nitrite and nitrate content in meat products available on the Macedonian market. Knowledge International Journal, 2024, 67 (3), 431-436.

4. **Petar Petrov**, Lenka Cvetanovska, **Daniela Belichovska**, Matea Mateva. Effect of toasting on the fat content of soybeans (Glycine max L. Merrill). Macedonian Journal of Animal Science, 2024, 13 (1–2), 29–33.

5. Aleksandra Silovska Nikolova, **Daniela Belichovska**, Zlatko Pejkovski. Meat production in the R. N. Macedonia in comparison with other former Yugoslav countries. Macedonian Journal of Animal Science, 2024, 13 (1–2), 21–27.

6. **Irina Manevska**, Ivica Panchevski, Marija Kostova, Natalija Atanasova Panchevska, **Vasil Kostov.** (2024). “Influence of probiotic supplemented feed on growth rate in common carp (*Cyprinus carpio* L.*)* in intensive cage system”. Macedonian Journal of Animal Science, Vol. 13, No. 1–2, pp. 13–19 (2024). http://www.mjas.ukim.edu.mk

7. **Irina Manevska,** Ivica Pancevski, Natalija Atanasova - Pancevska, Julijana Arsovska & **Vasil Kostov.** (2024). “Influence of Probiotic Feed Addition on Common Carp *(Cyprinus carpio)* meat chemical composition”. Journal of Hygienic Engineering and Design pp. 66-72. 02.-Full-paper-Irina-Manevska PDF (keypublishing.org)

8. **Irina Manevska**, **Vasil Kostov, Ivica Pancevski & Natalija Atanasova-Pancevska.** Oral presentation. “Influence of dietary probiotic on welfare and feed conversion ratio on common carp *(Cyprinus carpio)* reared in intensive cage system” (2024). **Acta Zoologica Bulgarica Supplement 20 pp. 37-46.** https://acta-zoologica-bulgarica.eu/supplement-20-2024/. **ISI Impact Factor (2024) = 0.5**

9. **Vasil Kostov, Irina Manevska,** Julijana Arsovska, Lidija Velkova-Jordanoska, Dijana Blazhekovikj-Dimovska, Stojmir Stojanovski**.**“Biological, ecological and taxonomic characteristics of the species *Pelasgus minutus* (Karaman, 1924) from Belchishko Blato, Republic of North Macedonia” (2024). **Acta Zoologica Bulgarica Supplement 20,** pp. 111-118. https://acta-zoologica-bulgarica.eu/supplement-20-2024/. **ISI Impact Factor (2024) = 0.5**

10. **Irina Manevska & Vasil Kostov** (2025). “Probiotic enriched food influence on Fulton coefficient and body weight of Common carp (*Cyprinus carpio*) reared in intensive

cage system”. Krmiva 67 (2025), Zagreb 1: pp. 31-39. ISSN 1848-901X (Online), ISSN 0023-4850 (Tisak).

11. **Gjorgovski, B., Nastova, R**. and Cvetkovikj, A. 2025. The impact of the zeolite on the growth of the commercially grown rainbow trout. Horizons–International Scientific Journal, Vol.1, No.1, pp. 129-138.

12. Simakoski, D., Karapetkovska-Hristova, V., Veljanovski, D., Kozarevski, V., **Pacinovski, N.** (2025). The effect of reproductive synchronization on lambing efficiency and milk yields in sheep farming systems in the Balkans. Proceedings of the *3rd International Symposium on Biotechnology* (pp. 249–258). 13–14 March 2025, Faculty of Agronomy in Čačak, University of Kragujevac, Serbia. https://symbiotech.rs/wp-content/uploads/2025/03/Proceedings-3rd-International-Symposium-on-Biotechnology-2025.pdf

13. Daniel Simakoski, **Nikola Pacinovski,** Vesna Karapetkovska-Hristova. 2025. Traditional sheep farming and milk production on an individual Pelagonian farm. Proceedings Conference of Agronomy students with international participation. Vol. 14, Issue 14, 2025. Chachak, Serbia, pp. 31-38.

**Апстракти** објавени во зборници од научни собири:

1. **Natasha Gjorgovska**, Svetlana Grigorova, Marya Todorova, **Vesna Levkov**. Application of Rosehip, Sage and Nettle as Antioxidant Agents in Laying Hen’s Diet. 9$^{th}$ Annual International Symposium on Animal Science & Zoology (ATINER 2025), 23-27 June 2025, Athens, Greece, Book of Abstracts, pp.27.

2. **Irina Manevska,** Julijana Arsovska, Lidija Velkova-Jordanoska, Dijana Blazhekovikj-Dimovska, Stojmir Stojanovski, & **Vasil Kostov.** (2023). “Ichthyofauna of Belcisko blato”. Abstact Book pp.133.

3. **Irina Manevska,** Jelena Hinić-Jordanovska, Marija Kostova , Valentina Slavevska-Stamenković & **Vasil Kostov.** “Ecological research of ichthyofauna and benthic fauna in Kozjak reservoir”. Book of Abstracts pp. 28. AdriBioPro2024-Book_of_Abstracts PDF (adribiopro.ucg.ac.me).

4. Jelena Hinić-Jordanovska, Valentina Slavevska-Stamenković, **Vasil Kostov, Irina Manevska,** Stojmir Stojanovski & Dijana Blazhekovikj-Dimovska. Effects of coal mining activities and photovoltaic power plant operation towards the macroinvertebrate

community in Oslomej reservoir and river Temnica (R. North Macedonia). International Conference Adriatic Biodiversity Protection - AdriBioPro2024. 1-4 October, 2024, Kotor, Montenegro. Book of Abstracts, pp. 26. (adribiopro.ucg.ac.me),

**5.** **Irina Manevska**, Jelena Hinić-Jordanovska, Marija Kostova, Valentina Slavevska-Stamenković, **Vasil Kostov**. "Ecological research of ichthyofauna and benthic fauna in Kozjak reservoir". International Conference Adriatic Biodiversity Protection-AdriBioPro2024. 1-4 October, 2024, Kotor, Montenegro. Book of Abstracts, pp. 28.

**6.** **Elena Eftimova, Nikola Pacinovski.** 2025. Varieties of Macedonian autochthonous Balkan Goat in the Republic of Macedonia. Nutricon, 2025, Book of Abstracts, pp. 33, 11-13 June, 2025, Ohrid, Macedonia.

**7.** **Elena Eftimova, Nikola Pacinovski,** 2025. Status and perspectives of Sheep breeding in the Republic of N. Macedonia. International Conference „KRMIVA 2025", 26-28.05.2025, Opatija, Croatia. Book of Abstracts, pp. 71.

**8.** Daniel Simakoski, Vesna Karapetkovska-Hristova, Darko Veljanovski, **Nikola Pacinovski, Elena Eftimova**. 2025. Preliminary Data on Lacaune Sheep in North Macedonia. Book of Abstracts. 11th International Conference On Global Practice Of Multidisciplinary Scientific Studies, October 13-17, 2025. Munich, Germany

**9.** Daniel Simakoski, Vesna Karapetkovska-Hristova, Darko Veljanovski, **Nikola Pacinovski**, Elena Eftimova. 2025. Milk quality traits of purebred and crossbred Lacaune sheep: a case study from N. Macedonia. Book of Abstracts. 11th International Conference On Global Practice Of Multidisciplinary Scientific Studies. October, 13-17, 2025, Munich, Germany.

**10.** Daniel Simakoski, **Nikola Pacinovski**, Viktorija Stojkovski, Vesna Karapetkovska-Hristova. 2025. Key challenges facing intensive sheep farming in North Macedonia. Book of Abstracts. 8th National and International Milk and Dairy Husbandry Student Congress, May 13-14, 2025, Karacabey, Bursa, Turkey.

**Трудови кои се во фаза на објавување:**

1. **Gjorgovski, B., Nastova,** R. and Cvetkovikj, A. The impact of the mineral zeolite on feed conversion and mortality rate on commercially grow rainbow trout. Поднесен за објавување во Macedonian Journal of Animal Science, во издание на Институтот за сточарство и рибарство – Скопје.

2. **Natasha Mateva, Matea Mateva, Vesna Levkov, Nikola Pacinovski, Petar Petrov**. Electrophoretic determination of protein fractions in ultrafiltrate white brined cheese. Поднесен за објавување Macedonian journal of Animal Science.

3. **Irina Manevska,** Marija Kostova, **Vasil Kostov. "**Preliminary results of Pomegranate Peel *(Punica granatum)* Effects in the Diet on the Growth Rate of Common Carp *(Cyprinus carpio)* Reared in an Intensive Cage System", Поднесен за објавување во Macedonian Journal of Animal Science, во издание на Институтот за сточарство и рибарство – Скопје.

4. **Irina Manevska,** Marija Kostova**, Vasil Kostov.** "Dietary Supplementation with Turmeric powder: Impact on Feed Conversion Ratio in Cage-Cultured Common Carp *(Cyprinus carpio)*"**,** Поднесен за објавување во Macedonian Journal of Animal Science, во издание на Институтот за сточарство и рибарство – Скопје.

**Учество на национални и меѓународни научни конференции, конгреси, симпозиуми, други настани:**

1. XXXV International Symposium of the Polish Branch of the World Poultry Science Association (PB WPSA) joined with the 9th International Scientific Symposium "POULTRY DAYS 2025", Краков, Полска, 8-10 септември 2025 година (проф. д-р Наташа Ѓорговска),

2. 9$^{th}$ Annual International Symposium on Animal Science & Zoology (ATINER 2025), 23-27 June 2025, Athens, Greece (проф. д-р Наташа Ѓорговска),

3. International Yildirim Bayezid Scientific Research And Innovation Symposium-I, May 09-10, 2025, Bursa Technical University, Bursa, Türkiye (доц. д-р Петар Петров),

4. XLVII International Scientific Conference KNOWLEDGE IN PRACTICE, 13-15.12.2024, Bansko, Bulgaria (проф. д-р Даниела Беличовска),

5. 30$^{th}$ International Conference, KRMIVA 2025, 26-28.5.2025, Opatija, Croatia, (проф. Д-р Никола Пациновски, проф. д-р Васил Костов, проф. д-р Елена Ефтимова, м-р Ирина Маневска),

6. International Congress NUTRICON Food Quality and Safety, Health and Nutrition 2023, (проф. Д-р Васил Костов, м-р Ирина Маневска),

7. International Conference participation: 27.09.-29.09.2023: "ONE HEALTH AND ZOOLOGY", Hyssaria – Bulgaria, (проф. Д-р Васил Костов, м-р Ирина Маневска),

8. International Conference Adriatic Biodiversity Protection - AdriBioPro2024 01-04

October 2024, Kotor, Montenegro, (проф. Д-р Васил Костов, м-р Ирина Маневска).

**Учество на национални и меѓународни работилници, семинари и тренинг школи:**

1. Работилница Interreg IPA–workshop “Info Day/Partner Search Forum for protentional beneficiaries on 1st Call for Proposals”, Охрид 2024, (проф. д-р Васил Костов, проф. д-р Ирина Маневска),
2. Работилница во рамките на мрежата Green Growth Platform, како дел од проектот “Accelerating of circular integration of biobased solutions in European rural areas” - BIORURAL, финансиран од ЕУ програмата за истражување и иновации, со цел споделување на научно-истражувачките резултати во функција на биобазирани циркуларни решенија во аквакултурата. Презентација на резултати од иновативно решение „Алтернативен пристап во аквакултурата – додавање на пробиотик во храната за крап, одгледуван во интензивен кафезен систем“, (проф. д-р Васил Костов, проф. д-р Ирина Маневска),
3. Web of Science: Uvod u platformu, Clarivate trening kampanja 2025, 16.9.2025 (online webinar), (проф. д-р Весна Левков, проф. д-р Даниела Беличовска);
4. Web of Science - Vebinar za javnost: Recenzija naučnih radova: praktični saveti i uspešne strategije, 23.9.2025 (online webinar), (проф. д-р Даниела Беличовска, проф. д-р Весна Левков).
5. Саем за образование – Скопје, City Mall, март 2025 год., (проф. д-р Весна Левков, м-р Ана Палашевска, м-р Бодан Ѓорговски);
6. Семинар: Новитети од Програмата на Bentley Instruments, 19.05.2025, Винарија Камник, Скопје, (проф. Наташа Матева),
7. Семинар: Млеко 2025, Слоу Фуд, 13.09.2025, Прилеп, (проф. д-р Наташа Матева).
8. Организација и учество на интерактивна работилница со наслов: „Улогата на месото во исхраната на населението“, согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година, точка 1.1 – Промотивни активности од областа на земјоделството и руралниот развој во Република С. Македонија, (проф. д-р Даниела Беличовска и доц. д-р Петар Петров). Дополнително, беше изработена брошура од оваа работилница, која беше поделена на присутните.

4. **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

Стручно-апликативната дејност на Институтот за сточарство и рибарство – Скопје, подразбира реализација на повеќе програми, апликативни проекти, соработка со државни институции, приватни компании, здруженија, спортско-риболовни друштва, сојузи на земјоделски производители и сл.

Во рамките на соработката со државните институции, колеги од Институтот учествуваат во подготовка на законски и подзаконски акти од областа на сточарството и рибарството, учество во изработка на стратегии во областа сточарството, рибарството и земјоделството, предлагање мерки за Националните програми за финансиска поддршка на сточарството, рибарството и аквакултурата, руралниот развој и уште многу други активности кои се од интерес за развој на сточарството и рибарството во државата.

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ ПО ЦЕНТРИ:**

**ЦЕНТАР ЗА СТОЧАРСТВО:**

- Раководење со Центарот, (**проф. д-р Елена Ефтимова**),
- Реализација на Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството за 2024 год., која подразбира заштита на автохтони раси, од сите видови домашни животни. Програмата Институтот ја реализира во соработка со Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (ФЗНХ), а финансирана од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ), (координатор: проф. д-р Елена Ефтимова, учесници: проф. д-р Никола Пациновски, проф. д-р Наташа Матева, м-р Ана Палашевска, дипл. зем. инж. Данаил Шутевски, м-р Бодан Ѓорговски, дипл. зем. инж. Сузана Јаневска),
- Реализација на активности предвидени во одобрена Одгледувачка програма на Признатата организација на одгледувачи на македонска автохтона раса на кози, Балканска коза, (проф. д-р Никола Пациновски, проф. д-р Елена Ефтимова, м-р Ана Палашевска, м-р Бодан Ѓорговски, дипл. зем. инж. Зоран Налетоски, дипл. зем. инж. Данаил Шутевски, дипл. зем. инж. Виолета Костовска),
- Учество во Потсекторската постојана група за уредување на земјоделски пазари за месо (ППГ), (говедско, свинско, овчо, козјо и живинско), (проф. д-р Елена Ефтимова),
- Учество во Совет за сточарство при МЗШВ, (учесници: проф. д-р Никола Пациновски, проф. д-р Елена Ефтимова),

- Учество како член на Организационен комитет, NUTRICON 2025, 11-13 Јуни, 2025, Охрид, Македонија, (проф. д-р Елена Ефтимова),
- Учество во рецензии на научни трудови за меѓународни научни списанија, (проф. д-р Никола Пациновски),
- Учество во Советот за квалитет во Институтот, (проф. д-р Елена Ефтимова-член, м-р Ана Палашевска-член),
- Член во сите комисии за изготвување на извештаи за супервештачења, (проф. д-р Никола Пациновски),
- Активно учество во организација на настанот „Отворен ден на УКИМ"- 2025 година, претставување на УКИМ Институт за сточарство и рибарство-Скопје, (м-р Ана Палашевска, дипл. зем. инж. Данаил Шутевски),
- Потпишан Договорот со ВСЦ „Тодор Велков" од Куманово, за времено одгледување на стадото овци од каракачанската праменка, сопственост на Институтот, (последниот договор за ова стадо беше потпишан во 1999 и 2000 год., т.е. после 25 години), (Договор бр. 03-410 од 17.6.2025 год.),
- Учество во пописни комисии.

**ЦЕНТАР ЗА РИБАРСТВО:**

- Заменик директор на Институтот, **(проф. д-р Васил Костов),**
- Раководење со центарот, **(проф. д-р Родне Настова),**
- Реализација на вештачки мрест на Охридското езеро (сезона 2024-2025), активност финансирана од МЗШВ, (Програма за финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата), (Координатор: проф. д-р Васил Костов),
- Изготвување на Риболовни основи за риболовните води во Република С. Македонија за период од 2023– 2028 год., (Изработувачи: проф. д-р Васил Костов, М-р Ирина Маневска),
- Учество во изработка на Извештај за самоевалуација за 2024 година (Проф. д-р Васил Костов и асс. м-р Ирина Маневска),
- Учество во изработка на Годишен акциски план за 2024/2025 година (Проф. д-р Васил Костов),
- Учество во изработка на Правилник за систематизација на работните места во УКИМ Институт за сточарство и рибарство (Претседател на комисија: Проф. д-р Васил Костов, Асс. М-р Ирина Маневска),
- Учество во изработка на Правилник за внатрешна организација на УКИМ

Институт за сточарство и рибарство, (Претседател на комисија: Проф. д-р Васил Костов, Асс. М-р Ирина Маневска),

- Учество во Научен совет за заштита на Дојранско езеро – споменик на природата, (Проф. д-р Васил Костов, асс. м-р Ирина Маневска),
- Порибување на повеќе речни риболовни ревири, со сопствен порибителен материјал (речна пастрмка), по барање на риболовните здруженија – концесионери, сезона 2024/25, (проф. д-р Васил Костов, М-р Ирина Маневска),
- Остварена посета на мрестилиштето „Шум" во с. Шум, Струга, од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Г-дин Цветан Трипуновски, со цел увид на порибителниот материјал од автохтониот вид Охридска пастрмка,
- Обезбедување нормално функционирање на мрестилиштето Шум, во Струга, ((одгледување на речната (македонска) пастрмка)), се до нејзино пуштање во риболовните ревири во државата, (д-р вет. мед. Зогу Белули),
- Соработка со приватни компании (рибници), со кои Институтот има Договор за деловно-техничка соработка за обележување на матици во повеќе рибници и издавање Потврди за добивање финансиска поддршка согласно Програмата за финансиска поддршка на рибарството и аквакултурата и сл.,
- Изработка на разни мислења за потребите на риболовните здруженија во Р. Македонија, во врска со Годишните планови за порибување,
- Изработка на Програмата за спроведување на вештачки мрест на охридската пастрмка во сезоната 2025/2026 година, со поднесување барање до МЗШВ за потпишување Договор за реализација. Договорот е потпишан согласно Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2025 година, а средствата за реализација на оваа активност ќе бидат префрлени до крајот на 2025 година (авансно), (1.700.000.00 денари),
- Активно учество во организација на настанот „Отворен ден на УКИМ"- 2025 година претставување на УКИМ Институт за сточарство и рибарство-Скопје, (м-р Бодан Ѓорговски),
- Учество во пописни комисии.

## ЦЕНТАР ЗА ИСХРАНА И ПРЕХРАНБЕНА ТЕХНОЛОГИЈА:

Центарот за исхрана реализираше повеќе задолженија и обврски:

- Вршење на лабораториски анализи на добиточна храна, суплементи, почва и храна од растително потекло (по барање на комитенти),
- Врешење на анализи на добиточна храна за меѓулабораториска споредба (по барање на Факултетот за земјоделски науки и храна при УКИМ во Скопје).

Во рамките на стручно-апликативната дејност, во извештајниот период, проф. д-р Наташа Ѓорговска, како претседател на Комисија и проф. д-р Даниела Беличовска, член, учествуваа во изработка на 20 супервештачења, по барање на Судот.
Во однос на останатите активности, вработените во овој Центар учествуваа во реализација на следното:

**Проф. д-р Даниела Беличовска**

- Раководител на Центарот за исхрана и и прехранбена технологија,
- Овластено лице за извршување на дејности и активности од делокругот на научно-истражувачката и применувачката дејност,
- Раководител на трет циклус студии на студиската програма Зоотехника и агроменаџмент,
- Главен уредник на списанието Macedonian Journal of Animal Science,
- Член на Уредувачкиот одбор на научното списание International Journal of Animal Science and Technology (IJAST),
- Рецензија на 3 (три) научни проекти, доставени од МОН (Министерство за образование и наука),
- Член на 20 комисии за изготвување на извештаи за супервештачења,
- Член на Комисија за измена и дополна на Правилникот за систематизација на работни места и Правилникот за внатрешна организација на Институтот,
- Членство во Рецензентската комисија за избор на едно лице во соработничко звање асистент/асистент истражувач во наставно-научната област економика на земјоделството на Институтот за сточарство и рибарство – Скопје.

**Проф. д-р Весна Левков**

- Раководител на самостојна лабораторија,
- Член на Сенатот на УКИМ,
- Овластено лице за извршување на дејности и активности од делокругот на високообразовната дејност,

- Раководител на Наставно-научниот колегиум за втор циклус студии на студиската програма Зоотехника,
- Рецензија на 1 (еден) научен проект, доставен од МОН (Министерство за образование и наука),
- Рецензија на 3 (три) научни трудови, доставен од МОН (Министерство за образование и наука),
- Рецензија на три научни труда за меѓународни научни списанија,
- Претставник од Институтот во Советот за мониторинг и координација на Советодавниот систем за земјоделство и рурален развој (АСАРД) и Системот на знаење и иновации во земјоделството (АКИС),

**Проф. д-р Наташа Ѓорговска**

- Одговорно лице за Еразмус+ програмата за мобилност,
- Претседател на 20 комисии за изготвување на извештаи за супервештачења;
- Член во Потсекторската постојана група за уредување на земјоделски пазари за несилки и конзумни јајца (ППГ) при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РСМ,
- Рецензија на 1 (еден) научен проект, доставен од МОН (Министерство за образование и наука).

**Д-р Петар Петров**

- Изработка на 10 комплетни биохемиски анализи,
- Учество во разни активности поврзани со Лабораторијата за храна и животна средина,
- Претседател на Комисијата за изработка и усогласување на називите и кодните броеви на научно-истражувачките области и распоредување на научните дисциплини во сите акти на Институтот.

**Дипл. зем. инж. Сузана Јаневска**

- Учество во изработка на комплетни биохемиски анализи,
- Спроведување на попис на основни средства и ситен инвентар при УКИМ Институт за сточарство и рибарство – Скопје со состојба на 31.12.2024 година, изработка на Извештај од извршениот попис и учество во други пописни комисии;

- Активности во рамките на апликативниот проект „Биодиверзитет 2024“, во делот на овчарство и козарство,
- Подготовка на раствори за анализи,
- Одржување на лабораторискиот прибор и апарати,
- Одржување на хигиена во просториите во состав на Лабораторијата за храна и животна средина и во дел од Институтот.

**ЦЕНТАР ЗА МЛЕКАРСТВО:**

- Раководење со центарот, **(проф. д-р Наташа Матева),**
- Претставник во Сенатот на УКИМ, (проф. д-р Наташа Матева),
- Активно учество во Потсекторската постојана група за уредување на земјоделски пазари за млеко, (ППГ), (проф. д-р Наташа Матева),
- Претседател во Советот за квалитет во Институтот, (проф. д-р Наташа Матева),
- Учество во реализација на Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството за 2023 год., која подразбира заштита на автохтони раси, од сите видови на домашни животни. Програмата Институтот ја реализира во соработка со Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (ФЗНХ), а финансирана од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ), дел говедарство, (проф. д-р Наташа Матева, дипл. зем. инж. Зоран Налетоски),
- Учество во реализација на активности предвидени во одобрена Одгледувачка програма на Признатата организација на одгледувачи на македонска автохтона раса на кози, Балканска коза, (дипл. зем. инж. Зоран Налетоски, дипл. зем. инж. Виолета Костовска),
- Договорни услуги со компании од млеко-преработувачката индустрија,
- Учество во пописни комисии,

## 5. **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

Наставно-образовната дејност во Институтот ги опфаќа активностите кои се однесуваат на вториот и третиот циклус студии во Институтот за сточарство и рибарство во Скопје, за учебната 2024/2025 година.

Поконкретно тие се однесуваат на:

- спроведени конкурси и резултати од уписите на трет циклус студии за учебната 2024/2025 год.,
- реализација на наставни активности на втор и трет циклус студии за учебната 2024/2025 година,
- Добивање Решение за почеток со работа на студискат апрограма за втор циклус на академски студии по Зоотехника, од Агенцијата за квалитет во високото образование (АКВО),
- меѓународна соработка и мобилност во 2024/2025 година,
- Во учебната 2024/2025 год. беше остварено учество на Втората годишна конференција на двајца докторанди на Институтот во организација на Школата за докторски студии при УКИМ.

### *5.1. Спроведени конкурси и резултати од уписите на трет циклус на студии за учебната 2024/2025 година*

Во учебната 2024/2025 година беше спроведен Конкурс за запишување студенти само на трет циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. За наставната програма од втор циклус, не беше распишан Конкурс, бидејќи сеуште не беше добиено Решението од АКВО (Агенција за квалитет во високото образование).

### *5.2. Реализација на предавања и испити за учебната 2024/2025 година*

Најголем дел од предавањата во Институтот беа реализирани според менторски тип на држење настава, со континуирана комуникација со студентите, изработка на семинарски теми и проектни задачи, подготовка на презентации и елаборирање на наставниот материјал. Сето ова беше реализирано согласно предвидената наставна програма од страна на наставниот кадар.

Студентите имаа можност за постојана и континуирана комуникација со наставниот кадар, редовни консултации околу наставниот материјал и испитите, сето во интерес на успешно завршување на предвиденото градиво од наставните програми. Ангажираниот наставен кадар беше постојано присутен и достапен во Институтот, сето во интерс на студентите.

Повремено комуникацијата со студентите се реализираше и преку електронска пошта или соопштенија објавени на веб страната на Институтот или на огласната табла на Институтот.

### *5.3. Други активности од областа на високообразовната дејност*

Во рамките на останатите активности од областа на високообразовната дејност, Институтот за сточарство и рибарство-Скопје се претстави на настанот „Отворен ден на УКИМ“, (дата: 14.04.2025 год.), кој се одржа во трговскиот центар City Mall.

На овој настан Институтот ги презентираше студиските програми од втор и трет циклус судии, како и својата научно-истражувачка, стручно-апликативна и издавачка дејност.

Со цел навремено информирање на студентите, редовно се ажурира веб страната на Институтот, со внесување нови информации за наставно-образовната дејност, како и за останатите активности кои ги реализира наставниот кадар.

### *5.4. Акредитација на студиски програми во 2023/2024 година*

Во наведениот извештаен период УКИМ Институт за сточарство и рибарство го доби Решението за почеток со работа од АКВО, (Агенција за квалитет во високото образование), за наставната програма Зоотехника од втор циклус.

Во однос на одредени наставни програми, акредитацијата е истечена, поради што итно треба да се работи на нивна реакредитација.

## 6. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ НА ИНСТИТУТОТ

Во рамките на издавачката дејност, Институтот редовно го издава научното списание, Macedonian Journal of Animal Science, од 2011 година, во електронска (mjas.ukim.edu.mk) и печатена верзија. Списание во кое од година во година, се зголемува бројот на цитирани научни трудови, особено од 2021 година, кога научните трудови се издаваат со т.н. DOI број, што секако ја зголемува можноста за подобра видливост на објавените научни трудови во меѓународни рамки.

Во текот на извештајниот период, објавени се 3 (три) брошури:

1. Даниела Беличовска, Александра Силовска Николова, Златко Пејковски, 2024. Практикум по технологија на месо, стр. 1-110.
2. Сашо Огненов, Наташа Матева. 2025. Најчести видови на зоонози во државата. Слоу Фуд, Битола. стр. 1-28.
3. Сашо Огненов, Билјана Митревска, Наташа Матева. 2025. Благосостојба на животни. Слоу Фуд, Битола. стр. 1-27.

## 7. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во однос на меѓународната соработка Институтот за сточарство и рибарство – Скопје, има воспоставено соработка со повеќе институции. Во изминатиот период потпиша 2 (два) договори за соработка со високообразовни институции од регионот и светот:

1. Договор со Земјоделско-прехранбениот факултет, при Универзитетот во Сараево, Босна и Херцеговина,
2. Договор со Факултетот за Агробиотехнички науки од Осијек, при Универзитетот Јосип Јурај Штросмаер во Осијек, Р. Хрватска,

Во рамките на програмата Еразмус + за индивидуална мобилност за наставен кадар за академската година 2024/2025 година, проф. д-р Наташа Ѓорговска присуствуваше на Wroclaw University of Environmental and Life Sciences, Faculty of Biotechnology and Food Science, Department of Functional Food Products Development во Вроцлав, Полска, во периодот од 1.9.2025 година до 5.9.2025 година.

## 8. СОРАБОТКА СО МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Во рамките на остварената средба со Министерот за образование и наука, проф. д-р Весна Јаневска, ја нагласив итната потреба од обезбедување на финансиски средства за капитални инвестиции, кои ќе се искористат за повеќе градежни активности, како би се подобриле условите за работа на вработените во Институтот.

Како приоритетна цел, беше нагласена смената на покривот и прозорците, но и реконструкцијата на Лабораторијата за храна и животна средина, во рамките на Центарот за изхрана и прехранбена технологија, со цел обезбедување соодветни услови за сместување на новата опрема, добиена од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Такви средства се обезбедени од ова министерство, преку Ректоратот на УКИМ, и во тек е постапката за спроведување на ЈН за избор на компанија која ќе ги реализира предвидените активности.

Истовремено ја нагласив и потребата од поедноставно добивање на согласности за вработување на кадар (научен и административен) кој има заминато во други институции или пак кадар кој заминува во пензија, а со цел зајакнување на институцијата со млад научен кадар.

## 9. СОРАБОТКА СО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Согласно потпишаниот Договор помеѓу Институтот и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, за користење на финансиска поддршка за инвестициони вложувања за воспоставување на научно демонстративни примери (од 10.10.2024 год.) – Набавка на опрема за лабораториски анализи за квалитет и безбедност на храна, можам со задоволство да истакнам дека проектот е успешно реализиран, со набавка на целокупната предвидена опрема за Лабораторијата за храна и животна средина при Институтот. Во исто време, опремата е целосно исплатена кон економските оператори.

Со проектот, набавени беа следните инструменти:

1. Arium mini plus (Sartorius) систем за прочистување на вода,
2. Центрифуга Humax 4K,
3. Водена бања VWB12 12L,
4. pH метар Phenomenal 1100L,
5. UV1600PC UV/VIS спектрофотометар,
6. Мешалка со загревање e-G21HSO4C,
7. VICAM SERIES-4EX флуориметар,
8. Влагомер OHAUS MB32,
9. VELP систем за дигестија, KS Scrubber 1000, дестилатор UDK139 – систем за анализа на протеини,
10. VELP систем за анализа на влакна, cold extracgtor, raw fiber extractor, Velp heating plate RC2,
11. VELP систем за анализа на масти,
12. ICP-OES,
13. Сушница Memmert UF 75,
14. Муфолна печка Nabertherm L3/11,
15. Ултрасонична бања.

Опремата беше набавена во рамките на проектот: „Унапредување на состојбите во сточарството на Република С. Македонија преку унапредување на квалитетот на добиточната храна, примарните анимални производи и нивните преработки“, согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2024 година,

точка 1.6 – Инвестициони вложувања за воспоставување на научно-демонстративни примери, финансирана од МЗШВ.

Реализацијата на проектот опфати подготовка на проектна документација и учество во постапката за јавна набавка. Во периодот од декември 2024 до февруари 2025 година, кадарот беше ангажиран во процесот на подготовка и адаптација на постоечката Лабораторија за храна и животна средина за прием на одобрената лабораториска опрема. Во февруари 2025 год. беше извршен прием на лабораториската опрема од добавувачите и нејзина инсталација од страна на овластените лица. Од март до јуни 2025 година, беше спроведена обука за вработените во Центарот, за работа со новата лабораториска опрема.

При посетата на Институтот од страна на Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство (10.10.2024 год.), Г-дин Цветан Трипуновски, се разговараше околу можностите за обезбедување средства за отпочнување на процесот на акредитација на најважните методи во двете лаборатории (лабораторијата за храна и животна средина и лабораторијата за млеко и млечно производи). Беше констатирано дека таква можност постои, со предвидување на нова точка, во Националните програми за фианнсиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, го посети и мрестилиштето „Шум“ во с. Шум, Струга (15.8.2025 год.), со цел увид на порибителниот материјал, но и на мрестилиштето во целост. При посетата уште еднаш беше нагласена итната потреба од реновирање на мрестилиштето и негово опремување со современа и модерна опрема, како би можело целокуониот процес на одгледување подмладок од сите видови, автохтони риби да се извршува без поголеми проблеми.

Посета на ова мрестилиште, во два наврати реализираше и директорот на Државниот инспекторат за земјоделство, Г-дин Васе Анакиев, првиот пат при завршување на процесот на вештачки мрест на охридската пастрмка за сезона 2024/2025 год., (20.02.2025год.), додека вториот пат присуствуваше на самиот момент на порибување на езерото (20.8.2025 год.) и официјално завршување на целокупниот процес на вештачки мрест и порибување на езерото со подмладок со охридска пастрмка.

Во исто време, треба да се спомне и фактот дека, Договорот за вештачкиот мрест и порибување на риболовно подрачје Охридско Езеро, со подмладок од охридска

пастрмка во сезоната 2025/2026 е потпишан, со што е договорено порибување на езерото и во наредната 2026 година.

Имајки го предвид фактот што со ова министерство беше разговарано за отпочнување постапка за детална реконструкција на мрестилиштето Шум во Струга, за таа цел беше поднесена Иницијатива за користење на финансиска поддршка од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година (Барање бр. 03-507 од 5.8.2025 год.), во која беа опишани речиси сите зафати кои треба да се превземат со цел мрестилиштето да добие нова и модерна опрема, сместена во целосно реновиран објект.

Беа отпочнати и активности за добивање Овластување за реализација на проектот за Заштита на биолошката разновидност во сточарството. Но за таа цел како пречка се наведува немање договор со овластена институција за чување на генетски материјал (ФВМ – Скопје).

Од МЗШВ е укажано дека новите овластување ќе се доделуваат согласно новиот Закон за зоотехника (Сл. весник на РСМ, бр. 87/2023), со што и Институтот ќе има можност да конкурира.

Со цел повторно организирање на некои активности кои замреа како резултат на престанување со финансирање, до МЗШВ, беше доставено и Барање (Допис бр. 03-156 од 12.3.2025 год.), за добивање финансиска поддршка за организација на:

- *Меѓународниот симпозиум за сточарство* (во организација на Институтот за сточарство и рибарство – Скопје, истиот се организираше во периодот од 2001 до 2017 год.), и
- *Ден на македонското овчарство*, (настан кој се организираше во Галичник во периодот од 2005 до 2016 год.).

Се надеваме на позитивен одговор од ова министерство.

## 10. СОРАБОТКА СО РЕКТОРАТОТ НА УКИМ

Соработката со Ректоратот на УКИМ, во изминатата година беше на највисоко ниво. Бидејки уште на почетокот од мојот мандат, како директор на Институтот, заради блокираната сметка, беа побарувани средства од интегративните функции на УКИМ, истите ги добивме со Договор бр. 03-486 од 20.9.2024 и Анекс на договор бр. 03-241 од 17.4.2025 год.

Многу значајна поддршка, Институтот добива и од страна на правната служба на Ректоратот, особено од Генералниот секретар, па се до сите останати колеги од тој сектор.

Очекувам таквата поддршка да продолжи и во иднина, како при давање на правни совети, така и при добивање согласности за нови вработувања, особено за оние кои ги бараме со години (правник-секретар, архивар, хигиеничар, чувар).

## 11. СОРАБОТКА СО ОСТАНАТИ ИНСТИТУЦИИ

### *11.1. Соработка со Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје (ФЗНХ)*

Соработката со Факултетот за земјоделски науки и храна продолжи во делот на заедничката реализација на Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството (согласно Договор бр. 03-364 од 3.7.2024 год.). Финансиските средства од оваа соработка се исплатени на време и со истите се плаќаа заостанатите долгови на Институтот.

Соработката со оваа институција продолжува и оваа година, со потпишување нов Договор за деловно техничка соработка за 2025 година, (Договор бр. 03-653 од 15.10.2025 год.) со што активностите треба да отпочнат кон крајот на Октомври, 2025 год., а средствата ќе бидат префрлени следната 2026 година.

Со оваа институција Институтот соработува и во делот на Реализација на активности предвидени во одобрена Одгледувачка програма на Признатата организација на одгледувачи на македонска автохтона раса на кози, Балканска коза. Поточно, соработката се однесуваше во делот на анализа на пробите од млеко, во Лабораторијата за млеко на ФЗНХ, која го има завршено процесот на акредитација на потребните методи за анализа на млечна маст и протеини во млекото.

### *11.2. Соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање*

Соработката со ова министерство, минатите години се однесуваше во добивање финансиска поддршка и реализација на значителен број научни и апликативни проекти. Иако оваа 2025 година, научниот и стручниот кадар од Институтот аплицираше неколу проекти, од за нас непознати причини, ниту еден од нив не беше прифатен за финансирање. Сепак Институтот и во иднина ќе продолжи со аплицирање на секој објавен оглас, со цел искористување на сите можности кои ги нудат програмите за финансирање проекти од ова министерство.

### *11.3. Соработка со Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје*

Во досегашниот период на функционирање, соработката со ФВМ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, главно се одвиваше на основа на веќе воспоставените лични контакти на секој од колегите во Институтот, со научниот кадар од овој факултет.

Конкретно тоа подразбираше користење на услугите од Лабораторијата за млеко (заради одредени анализи на млекото, со современата апаратура), соработка во делот на рибарството, ангажман на наставен кадар при организација на работилници и слични настани, ангажман на наставен кадар за реализација на настава од втор и трет циклус при Институтот и сл.

Оваа измината година од моја страна имаше повеќе обиди да се официјализира оваа соработка со потпишување на Договор (Меморандум за соработка), при што повеќе пати Предлог-договорот го доставив (електронски) до актуелниот декан на факултетот. За таа цел остварив и неколку лични средби, но за жал не наидов на разбирање од негова страна. Се надевам во периодот кој следува ќе успееме да ја завршиме и оваа формална обврска, со што уште повеќе би се унапредила соработката помеѓу двете институции. Да напоменам овој договор е потребен Институтот да се стекне со овластување за индивидуален настап, за реализација на активности од областа на Заштитата на биолошката разновидност во сточарството, кои ги финансира МЗШВ.

### *11.4. Соработка со невладини организации (здруженија, федерации и сл.)*

Соработката со невладиниот сектор, Институтот ја има воспоставено со повеќе Здруженија, кои согласно Законот за зоотехника се регистрирани како Признати организации на одгледувачи на одредени автохтони раси од поедини видови домашни животни. Исто така соработка постои и со Македонската риболовна федерација, Националната федерација на фармери и сл.

## 12. ГОДИШЕН АКЦИСКИ ПЛАН

Како новитет во овој извештаен период, претставува изработката и реализацијата на Гподишен акциски план, кој како обврска го имаа сите единици на УКИМ, со цел подобрување на квалитетот на Универзитетот во целина. Во тој контекст, Советот за квалитет при Институтот за сточарство и рибарство, изработи Годишен акциски

план за периодот 2024/2025 год., со задачи кои треба да се реализираат тековната година.

Поголем дел од предвидените активности се реализирани и истите се претставени во Годишниот извештај за реализација на Годишниот акциски план за учебната 2024/2025 година. Морам да нагласам дека согласно обврските од овој план, институтот изработи и нова Веб страна, после подолг временски период, која е многу повидлива и располага со значително поголем капацитет, за сите активности кои Институтот ги реализирал или ќе ги реализира во иднина. Извештајот е прифатен со Одлука на Научниот совет и доставен до Ректоратот односно Советот за квалитет на УКИМ.

## 13. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗАКОНСКИ ПРОПИСИ

Институтот ги следи и имплементира законските прописи поврзани со дејноста. Во тој контекст се реализираат прописите од областа на заштита на личните податоци, заштита и здравје при работа, правниот статус на бесправно изградени објекти, преставки и предлози, финансиите, јавните набавки и други.

Во контекст на ова би го спомнал:

- Услогласувањето на Правилникот за систематизација на работните места во Институтот за сточарство и рибарство – Скопје
- Усогласување на Правилникот за внатрешна организација на Институтот за сточарство и рибарство – Скопје,
- Усогласување на останатите правни акти во рамките на Институтот согласно Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области), (Сл. весник на РМ бр. 91/24), за која цел е формирана Работна група.

## 14. ЈАВНИ НАБАВКИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

За потребите на Институтот, во континуитет, се спроведуваат јавни набавки, во согласност со Планот за јавни набавки на Институтот, и согласно одредбите од Законот за јавните набавки. Во изминатиот период сите предвидени јавни набавки се успешно спроведени.

Во текот на извештајниот период спроведени се 6 (шест) јавни набавки:

### *14.1. Ј.Н. за набавка на стоки – екстра лесно масло за греење*

Времетраење на договорот – 1 година (Склучен на 3.12.2024 год.)

Вредност со ДДВ – 600.000,оо ден. (шестотини илјади денари).

14.2. ***Ј.Н. за набавка на услуги од авторска агенција***

Времетраење на договорот – 1 година (Склучен на 3.12.2024 год.)

Вредност со ДДВ – 354.000,оо ден., (триста педесет и четири илјади денари).

***14.3. Ј.Н. за набавка на услуги – Изведување на риболов на половозрели матици и вештачки мрест на охридска пастрмка***

Времетраење на договорот – 1 година (Склучен на 6.1.2025 год.),

Вредност со ДДВ – 500.000,оо ден. (петстотини илјади денари).

**14.4.** ***Ј.Н. за набавка на стоки – лабараториска опрема,***

Времетраење на договорот 1 година (Склучен на 17.12.2024)

Вредност со ДДВ: 11.819.062,оо денари. (единаесет милиони осумстотини и деветнаесет илјади и шеесет и два денари).

14.5. ***Ј.Н. за набавка на стоки – лабараториски и технички гас аргон***

Времетраење на договорот 1 година (Склучен на 8.4.2025)

Вредност со ДДВ: 343.486,оо денари. (триста четириесет и три илјади, четиристотини осумдесет и шест денари).

***14.6. Ј.Н. за набавка на храна за риби***

Времетраење на договорот 1 година, (Склучен на 26.12.2024 год.)

Набавка на храна за риби до 2000 кг.

## 15. МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА НА ИНСТИТУТОТ

### *15.1. Обезбедување плати за вработените*

Основното финансирање на Институтот за сточарство и рибарство во Скопје се реализира од буџетот на Р.С. Македонија, (плати за вработени со минат труд), преку Министерството за образование и наука како ресорно министерство.

### *15.2. Обезбедување средства за режиски трошоци (ел. струја, вода, греење)*

Режиските трошоци на Институтот (ел. енергија, вода, набавка на масло за греење,

централно парно греење), се покриени од Министерството за финансии, преку Министерството за образование и наука.

### *15.3. Остаток од наследениот долг*

Од моментот кога се реализираше последниот извршен налог, (извршен налог бр. 91/24 и бр. 92/24 од 18.01.2024 год. на износ од **339.291,оо денари**, исплатен на ден 12.02.2024 год.), во текот на наредниот период до денес се нема случено ново извршување.

Да потсетам, во првите шест месеци од моето назначување за директор (26.09.2023 год.), со четирите извршни решенија од сметката на Институтот беа одземени финансиски средства во **вкупен износ од 2.148.793,оо денари**.

Според последната изработена анализа на актуелните финансиски обврски на Институтот кон внатрешни и надворешни лица (правни и физички), состојбата е следна:

- Вкупен долг на Институтот – 1.384.259,оо денари (без долгот кон Ректоратот на УКИМ),
- Долг кон правни лица – 251.702,оо денари
- Долг кон физички лица (неисплатени хонорари) – 1.132.557,оо денари

Споредено со Септември, 2024 година, (2.761.612,оо денари), вкупниот долг е намален за 1.377.353,оо денари, додека споредено со Септември, 2023 година (4.729.921,оо денари), вкупниот долг е намален за 3.345.662,оо денари.

Институтот има и долг кон Ректоратот на УКИМ, во износ од 959,000,оо денари, кој согласно Договор треба да го исплати на 24 еднакви месечни рати.

Да потсетам овој износ од Ректоратот беше доделен, од причини што при потпишување на нотарските Спогодби за исплата на сите заостанати долгови (на име хонорари), кон физичките лица, еден од поголемите доверители (физичко лице, инаку наш бивш колега-пензионер со вкупен долг со камата: 310.000,оо ден.), не се согласи да потпише Спогодба, истиот поднесе тужба (до Ректоратот), со цел наплата на долгот преку Суд. Од тие причини овој доверител беше целосно исплатен, по укажување од Ректоратот, заради избегнување на судските трошоци.

Согласно изнесените податоци, ваквата состојба претставува континуиран напредок кон целосна исплата на долгот и создавање услови за навремено сервисирање на сите долгови кон доверителите, но и услови за повторно воспоставување систем за

хонорарна исплата на ангажираните професори согласно ангажманот во апликативните проекти.

### *15.4. Остварени приходи по центри*

Согласно сметководствената евиденција за периодот Септември, 2024 до Септември, 2025 година, вкупниот остварен приход, на сопствената сметка (788) на Институтот изнесува **16.278.682,оо денари.**

Уделот во остварувањето на овие средства по Центри изнесува:

1. **Центар за исхрана и прехранбена технологија – 12.089.185,оо денари**

- Апликативна дејност - 34.323,оо денари
- Студенти – 85.800,оо денари,
- Проект МЖСПП, (проф. д-р Наташа Ѓорговска) – 150.000,оо ден, (втор дел)
- Лабараториска опрема (грант од МЗШВ) – 11.819.062,оо денари

2. **Центар за рибарство – 1.763.347,оо денари**

- Апликативна дејност – 613.347,оо ден.
- Вештачки мрест (сезона 2024/2025 год.) – 1.000.000,оо ден.
- Проект УКИМ – (раков. Проф. д-р Васил Костов) - 150.000,оо ден.

3. **Центар за сточарство - 778.650,оо денари**

- Проект Заштита на биодиверзитет 2024 год. – 628.650,оо денари
- Проект Мин. за животна средина (проф д-р Пациновски Н.) - 150.000,оо ден. (втор дел)

4. **Центарот за млекарство: 0.00,оо ден.**

5. **Вештачења и супервештачења: 567.500,оо ден.**

- (Комисија за супервештачење: проф. д-р Наташа Ѓорговска-претседател, проф. д-р Даниела Беличовска – член, проф. д-р Никола Пациновски - член).

6. **<u>Заеднички служби вкупно: 1.080.000</u>**

- Закуп – 80.000
- Средства од интегративни функции на УКИМ – 1.000.000

## 16. СОСТОЈБА СО ВРАБОТЕНИ ВО ИНСТИТУТОТ

Успехот во работењето на секоја институција зависи пред се од бројноста и стручноста на постоечкиот кадар во неа. Од тие причини, мора во континуитет да се води сметка за човечките ресурси со кои располага.

Во однос на расположивиот кадар, мора да се нагласи дека Институтот повеќе години наназад се соочува со недостаток на кадар, и тоа на важни работни позиции.

Во континуитет од 5 години, Институтот работи без правник-секретар, а повеќе од 2 година нема ниту едно вработено лице од областа на правните науки.

Поради упразнети места по основ на заминување во пензија, Институтот имаше потреба од добивање на согласности од надлежните министерства за вработување и на друг наставен и ненаставен кадар. Поради тоа, преку Универзитетот до Министерството за образование и наука и Министерство за финансии беа доставени повеќе барања за добивање согласност за вработување.

Од ненаставниот кадар, се бараше согласност за 4 лица (правник-секретар, архивар, хигиеничар и чувар), и тоа неколку пати, но не добивме ниту една.

Од наставниот кадар Институтот доби согласност за вработување на 4 лица (еден редовен професор, двајца доценти и еден асистент-истражувач). Во текот на изминатиот период, Институтот отпочна постапка за реализација на две согласности 1 (една) согласност за вработување на доцент и 1 (една) согласност за вработување на лице асистент/истражувач. Се надевам дека до крајот на годината, целокупната постапка околу овие две вработувања ќе биде завршена. Во однос на овој проблем мора да нагласам дека заради зајакнување на ваквите институции, мора да се направат одредени измени во Законот за високо образование како би се вратила можноста за прием на млад научен кадар (помлади асистенти), кои од самиот почеток на вработувањето ќе бидат избрани со соодветен висок просек во додипломскиот студиум, што е секако предуслов, личноста да се развива во квалитетен научен работник, се до последното ниво редовен професор (научен советник).

## 17. СОСТОЈБА СО ИМОТОТ

Со оглед на тоа што Институтот за сточарство и рибарство располага со значителен недвижен имот на повеќе локации во државата, дел од нив се во добра состојба, но поголем дел поради недостаток на финансии за одржување, се руинирани.

Упатно е да се нагласи дека во изминатитот едногодишен период, Институтот доби 4.000.000,оо (четири милиони денари), средства од капиталните инвестиции, со цел да се доврши покривната конструкција на зградата во Градскиот парк, а исто така да се заменат и прозорците и вратите. Во исто време предвидено е реновирање и на дел од внатрешните простории во Институтот. Очекувам постапката за спроведување ЈН за избор на фирма која ќе го реализира ова, да биде успешна.

Согласно статутарните надлежности и можности со кои располага Институтот, врз основа на расположливите финансиски средства, се реализираше одредено тековно одржување на движниот имот (опремата, инвентарот и сл.).

Сеуште проблем е промена на називот, од Институтот за сточарство во Институтот за сточарство и рибарство, во имотниот лист, за објектите во Градски парк. Поради барање на дополнителна документација околу Историјатот на објектот, проблемот сеуште не е решен, односно сеуште во имотниот лист стои старото име на институцијата.

Во текот на изминатиот период (31.01.2025 год.), се случи и непријатен настан со објект (административна зграда), во Нов Дојран, кој од страна на општината е срушен заради одредени градежни зафати на тоа место. Разговаравме со градоначалникот на Дојран, заради решавање на проблемот, но добивме образложение дека објектот всушност не е наш и дека се води на Р. Македонија, а го срушиле согласно позитивните законски прописи на РМ, заради големата руинираност и постоење опасност за околината, а и поради одредени градежни зафати на тоа место. Во секој случај како одговорно лице на институцијата, за овој настан ги информирав речиси сите надлежни институции: Министерство за транспорт и врски, државен градежен инспекторат, Агенцијата за катастар на недвижности, Републичкото правобранителство во Гевгелија, МВР-Гевгелија, Ректоратот на УКИМ. Паралелно ангажирав и адвокатска куќа од Скопје, за преиспитување на можностите за надомест на штета, меѓутоа по анализа на документацијата со која располага Институтот, од таму ми одговорија дека единствена можност останува поднесување тужба, т.е. отпочнување судски предмет против општина Дојран.

Слична е состојбата и со објектот во Маврово, каде исто така сопственоста не е дефинирана до крај, а за објектите во Ротино, Битолско, кои се дадени на користење на Институтот, на подолг временски период, и понатаму останува можноста за инвестирање од страна на државата или од приватен инвеститор, со цел нивно

активирање. За административните простории во Битола, во моментот тече одреден судски предмет, кој го има отпочнато соседот во истата зграда, заради реализација на одредена физичка делба, но овој предмет е превземен од страна на правната служна на Ректоратот, и во моментот предметот е во Основен Суд - Битола.

И во минатиот извештај истакнав, а ќе повторам и сега, за решавање на вакви предмети кои се однесуваат за недвижен имот, мора да постои многу посилна логистика од државните институции (Суд, катастар, инспекторати, министерства и сл.), бидејки без навремен одговор од нивна страна не е можно брзо решавање на овие состојби. Во спротивно вакви предмети ќе се провлекуваат со години.

Од движниот имот, морам да нагласам дека голем проблем за институцијата претставува немање ниту едно службено теренско возило, а познато е дека за да се стигне до фарма или до некој воден ревир за порибување (реки, езера, рибници и сл.), во најголем дел се оди по тешки и непристапни патишта.

За решавање на истиот, доставив барање до МОН, како и неколку барања до Агенцијата за управување со одземен имот. Од МОН добив одговор дека тие немат таква можност, додека од Агенцијата, до денес немат испратено никакво известување. И понатаму мора да се бараат начини како да се реши овој проблем, бидејки морам да истакнам дека со користењето на приватни возила за службени потреби (за која цел ИУ има донесено Одлука), се одлеваат навистина големи финансиски средства (се исплаќа од км), и тоа е голем проблем. Се надевам на успешно решавање и на овој наследен проблем, со цел рационално трошење на финансиските средства и обезбедување поголема заштеда. Да потсетам во минатото, Институтот располагаше со значителен возен парк.

## 18. ЗАВРШНО СОГЛЕДУВАЊЕ

На крајот од втората извештајна година, сметам дека Институтот продолжува да се движи во позитивна насока, иако со доста потешкотии. За тоа секако говори, воспоставувањето на финансиската рамнотежа и немањето нови извршни решенија.

Имајки ја предвид досегашната ниска поддршка за наука од страна на државата, треба да продолжи притисокот кон надлежните институции за зголемување на истата.

Во исто време треба да се работи на подобрување на апликативната дејност на институцијата, за која цел, потребно е исполнување на повеќе предуслови, за кои сметам дека сме на добар пат за постигнување:

- Натамошно обезбедување опрема, во лабораториите на Институтот,
- Отпочнување интензивен ангажман за обезбедување акредитација на сите методи во двете лаборатории,
- Интензивно промовирање на можностите со кои располага институцијата со новата опрема пред стопанството и останатите субјекти во државата.

Треба и понатаму да се лобира кај надлежните институции за решавање на заостанатите проблеми, кои ги спомнав погоре (пред се вработување на неопходниот административен кадар). Наставно-научниот и соработничкиот кадар треба да го интензивира процесот на аплицирање научни проекти до сите институции кои распишуваат огласи, но и правење напори да се зголеми бројот на објавени научни трудови. Факт е дека и понатаму финансирањето на науката во државата ќе се одвива со потешкотии, но ако се има предвид буџетот на проектите кои беа прифатени за финансирање со последниот оглас на МОН, може да се каже дека работите се движат во насока на значително подобрување на состојбите.

Тука секако би ја спомнал и можноста професорите да бараат начини како тие (лично или институциски) да се вклучат во реализација на меѓународни проекти, кои како можност има во голем број.

Треба и понатаму да се работи на отстранување на одредени слабости кои се провлекуваат во институцијата, со форсирање тимска работа, отпочнување процес на наградување и сл, но за тоа ќе треба силен ангажман и поддршка од сите вработени, а особено од членовите на Научниот совет и на Институтската управа.

На крајот ја искажувам мојата благодарност до сите вас, за довербата, разбирањето и одличната соработка во изминатата година.

**Директор**

**Скопје, 23.10.2025 год.**

**Проф. д-р Никола Пациновски**